# ПОВИК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИ (ППП)
# Градежни работи

**Држава:** Република Северна Македонија

**Назив на проект:** Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор

**Назив на договор:** Реконструкција на јавна здравствена установа Неготино со мерки за зголемување на енергетската ефикасност во Република Северна Македонија

**Заем бр.:** 9038-МК

**Идентификациски бр. на ППП: MK-MOF-CW-NCB-002-25**

1. Република Северна Македонија (во понатамошниот текст „Заемопримач“) обезбеди средства од Меѓународната банка за обнова и развој (IBRD) („Банката“) во форма на заем (во понатамошниот текст „заем“) за трошоците на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (во понатамошниот текст: „ПСЕЕП“) и има намера дел од добиените средства да ги искористи за исплати по договорот за Реконструкција на јавна здравствена установа Неготино со мерки за зголемување на енергетската ефикасност во Република Северна Македонија.

2. Министерството за финансии на Република Северна Македонија ги повикува подобните и квалификувани понудувачи да дадат запечатени понуди за градежни работи кои вклучуваат Реконструкција на јавна здравствена установа Неготино со мерки за зголемување на енергетската ефикасност во Република Северна Македонија каде градежните работи ќе се спроведат согласно подготвениот основен проект и одобрение за реконструкција.

   Градежните работи за мора да завршат во рок од 10 (десет) месеци од денот на вовед во работа. Критериумите за квалификација/избор се утврдени во тендерската документација во Сегмент III, Критериуми за евалуација и квалификација.

3. Поднесувањето понуди ќе се спроведе преку процедури за национално конкурентно наддавање со користење на Повик за поднесување на понуди (ППП) како што е наведено во Правилникот за набавки на Светска банка за заемопримачи за финансирање инвестициски проекти, Набавки за финансирање инвестициски проекти, стоки, работи, неконсултантски и консултантски услуги од јули 2016 година, ревидиран во ноември 2017, јули 2018 година, ноември 2020, септември 2023 година и февруари 2025 година (Правилник за набавки) и е отворен за сите Понудувачи како што е дефинирано во Правилникот за набавки.

4. Заинтересираните Понудувачи може да добијат дополнителни информации од Единицата за имплементација на проектот која е одговорна за имплементацијата на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (во понатамошниот текст „ЕИП“) во рамки на Министерството за финансии на Република Северна Македонија од г-ѓа Татјана Величковиќ, електронска пошта: tatjana.velichkovik@finance.gov.mk и да

извршат увид во тендерската документација во текот на работното време, во периодот од 09:30-15:30 часот на адреса ул. Даме Груев, бр.12, 1000 Скопје.

5. Заинтересираните квалификувани понудувачи може да ја добијат тендерската документација на македонски јазик од веб-страната на националниот електронски систем за јавни набавки: „ЕСЈН-Заеми/Донации/Грантови - Огласи од меѓународни институции“ (https://www.e-nabavki. gov.mk/), од веб-страната на Министерството за финансии: https://finance.gov.mk/mk-MK/klucni-segmenti/proekti/proekt-za-energetska-efikasnost-vo-javniot-sektor , како и со поднесување на барање на електронската адреса наведена погоре во точка бр.4.

6. Сите заинтересирани квалификувани понудувачи треба да се пријават преку електронска пошта (e-mail) со детали за контакт на нивната компанија, вклучувајќи и електронска пошта (e-mail) веднаш по преземањето на тендерската документација од горенаведените веб-страни со цел да се изјаснат дека имаат намера да учествуваат во тендерската постапка и да го добијат Анекс 1 од тендерската документација кој содржи: предмер-пресметка, основен проект, вклучувајќи технички опис и цртежи за секој објект и Услови за животна средина и социјални аспекти. Поради големината на Анекс 1, тој ќе биде доставен до понудувачите кои аплицирале на УСБ меморија.

7. Посетата на локацијата од страна на Работодавачот ќе биде организирана на 05.02.2026, 12:00 часот по локално време, во ЈЗУ Неготино. Сите трошоци за посета на локацијата ќе ги сносат понудувачот/понудувачите.

8. Понудите треба да се достават на адреса ул. „Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје, на или до 02.03.2026, во 12:00 часот по локално време. Електронско наддавање не е дозволено. Задоцнетите понуди ќе бидат одбиени. Отворањето на понудите ќе биде јавно во присуство на овластените претставници на Понудувачите и секој што ќе избере да присуствува на адресата ул. „Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје на 02.03.2026, во 12:15 часот по локално време.

9. Сите понуди мора да бидат придружени со гаранција на понудата во износ од 3.000.000,00 МКД.

10. Посебно внимание треба да се обрати на Правилникот за набавки со кој се бара од Заемопримачот да наведе информации за вистинската сопственост на успешниот Понудувач како дел од Известувањето за доделување на договорот, при тоа користејќи го Образецот за вистински сопственици кој е даден во тендерската документација.

11. Адресата на која се упатува погоре е:

Министерство за финансии на Република Северна Македонија, Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор, ПСЕЕП, Писарница
Назив на договор: Реконструкција на јавна здравствена установа Неготино со мерки за зголемување на енергетската ефикасност во Република Северна Македонија
Идентификациски бр. на ППП: MK-MOF-CW-NCB-002-25

До: г-ѓа Татјана Величковиќ ул. Даме Груев, бр. 12, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Број на кат/ канцеларија: 7/18